Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Медицински факултет во Скопје

Republic of North Macedonia
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Faculty of Medicine in Skopje

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Република Северна Македонија
Бр. 02-91/1
13.01 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 178/21 и 58/24 година), член 20 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018 и број 426/2019 година) и одлуките од Наставно-научниот совет на Факултетот бр. 02-6404/37 од 10.12.2024 година и бр. 02-6766/29 од 25.12.2024 година, Деканот на Медицинскиот факултет во Скопје распишува

# ИНТЕРЕН КОНКУРС
## *за избор на демонстратори*

1. Се распишува интерен конкурс за избор на демонстратори, како помошници во наставно-образовниот процес на првиот циклус студии, а за потребите на Медицинскиот факултет во Скопје за учебната 2024/2025 година, и тоа за:

***I. Катедра за медицина на трудот*** – 2 демонстратори за:

- Предметите од студиската програма за студентите по општа медицина и за студентите од тригодишните стручни студии (физиотерапевти, медицински сестри/техничари, логопеди, медицински лаборатни и акушерки).

***II. Катедра за социјална медицина***– 1 демонстратор за:

- Предметите: *Вовед во медицина*, *Промоција на здравје* и *Социјална медицина* за студентите од студиската програма по општа медицина;
- Предметите: *Промоција на здравје*, *Здравствено и социјално законодавство* и *Здравствен менаџмент* за студентите на тригодишните стручни студии.

***III. Катедра за хигиена*** – 1 демонстратор за:

- Предметите: *Хигиена* за студентите на студиската програма по општа медицина, *Хигиена и екологија* за студентите на студиската програма за дипломиран логопед и *Здравствена екологија* за тригодишните стручни студии за дипломиран инженер по медицинска лабараториска дијагностика.

***IV. Катедра за хистологија со ембриологија*** – 1 демонстратор за:

- Предметите: *Хистологија и ембриологија 1 и 2, Морфологија и физиологија на клетка* за студентите по општа медицина;
- Предметот *Хистологија и ембриологија* за студентите по дентална медицина на Стоматолошкиот факулет;
- Предметите: *Морфологија и физиологија на клетка* и *Хистологија* за студентите на тригодишните стручни студии за дипломиран инженер за медицинско-лабораториска дијагностика;
- Предметот *Анатомија со хистологија* за студентите на тригодишните стручни студии за дипломиран логопед, дипломирана медицининска сестра/техничар и дипломирани физиотерапевти
- Предметот *Анатомија со ембриологија* за студентите на тригодишните стручни студии за дипломирана акушер/ка.

**2. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови**:

- да се студенти на интегриран прв и втор циклус на академски студии на Медицинскиот факултет со остварени најмалку 180 ЕКТС кредити и просечна оцена од најмалку 8,00 (осум) или
- да се студенти на втор или трет циклус на студии од соодветната студиска програма со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските академски студии.

**3. Потребни документи на кандидатите:**

- пријава во која ќе биде назначена Катедрата за која се пријавуваат;
- кратка биографија;
- државјанство (копија)
- потврда за редовен студент на Медицинскиот факултет во Скопје (за точка 2 алинеја 1);
- уверение за положени испити (за точка 2 алинеја 1);
- уверение за завршени додипломски студии - копија заверена на нотар (за точка 2 алинеја 2);
- диплома за завршени додипломски студии - копија заверена на нотар (за точка 2 алинеја 2);
- потврда дека е студент на втор или трет циклус на студии (за точка 2 алинеја 2).

Пријавата со потребните документи се поднесува до Архивата на Медицинскиот факултет во Скопје најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на огласот.

**Декан**
Проф.д-р Светозар Антовиќ

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Медицински факултет, Република Северна Македонија, 1, СКОПЈЕ